Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 30 јуни 2022 година**

**Скопје, јуни 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јуни 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 20:20 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски и Муамет Хоџа портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше Славјанка Петровска, министер за одбрана, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 2**

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски ги информираше членовите на Владата дека во Министерството за надворешни работи од страна на францускотo претседателство со Советот на Европската Унија е пристигнат предлог за отпочнување на процесот на преговори за членство во Европската Унија, со решенија кои се однесуваат на нашите јавно изнесени ставови во однос на спорот со Република Бугарија.

Воедно, истакна дека откако текстот на предлогот ќе се разгледа од експертите во Министерството за надворешни работи, ќе се презентира и по истиот ќе се дискутира со лидерите на политичките партии кои ја сочинуваат владината коалиција, како и со опозициските партии, Претседателот на Републиката, Собранието на Република Северна Македонија, експертската јавност, граѓанскиот сектор и севкупната јавност.

По завршувањето на процесот на консултации, предлогот ќе се разгледа на седница на Владата и ќе се донесе одлука, согласно процедурите.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 20:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**